# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција на подносителот-------- ----------- од с. --------- - Кочани, на 23-та седница одржана на ден 01 ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот оформен по пријава за сомнежи за корупција бр. 12-1982/1 од 26.03.2019 година на подносителот ---------- ------- од с. -------- - Кочани, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за натамошно постапување во предметот со број 12-1982 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-1982/1 од 26.03.2019 година.

Предметот со број 12-1982 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата и до КЈП „--------" Кочани да се достави примерок од Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1982 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-1982/1 од 26.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, физичко лице - ---------- ------- од с. -------- - Кочани.

Во пријавата, искажани се наводи за незадоволство од постапка за вработување во локалното комунално јавно претпријатие и се укажува на дискриминаторски политики и одредени влијанија при вработувањето на лица во јавниот сектор. Станува збор, за случај за вработување во КЈП „---------" Кочани, каде биле вработени десетина лица во изборен период а меѓу кои подносителот не бил вработен, иако тој сметал дека како припадник на безбедносните сили во воениот конфликт од 2001 година имал право на посебен статус при вработувањето.

При разгледувањето на предметниот случај ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот за незадоволство од постапки за вработување на лица во јавениот сектор и неговото мислење дека тој како припадник во воениот конфликт имал право на посебен статус при вработување и изврши соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност.

Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци и информации од КЈП „--------" Кочани и Општина Кочани, на кои кај ДКСК се примени одговори – писмена со кои се доставуваат бараните податоци и информации. Воедно, се изврши анализа на законските одредби со кои се уредуваат посебните права на

припадниците на безбедносните сили на РМ и на членовите на нивните семејства, како и условите и постапката за нивното остварување.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба, проверката на основаноста на предметните наводи, преземените процесни дејствија и извршената анализа на законските одредби, Државната комисија за спречување на корупцијата констатираше дека не постои законски основ по кој државните органи, единиците на локална самоуправа, јавните претпријатија и јавните установи ќе му овозможат предност на невработен припадник на безбедносните сили при вработување, од причина што овие бенефиции важеле до 2007 година, додека пак ангажирањето на лицата во изборен период во КЈП „---------" Кочани, било реализирало преку Агенција за времени вработувања и истото било нужно поради роковите предвидени со договорот меѓу Владата на РМ и Швајцарската конфедерација за реализација на проектот „Пречистување на отпадни води во град Кочани.

Врз основа на погоре констатираното, а поради тоа што во пријавата не се наведени други елементи кои би упатиле на постоење корупција или судир на интереси при ангажирањето на десетте лица, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека предметната пријава е неоснована, Државната комисија нема предметна надлежност за натамошно постапување и постапката по истата се запира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 01 ноември 2019 година под бр. 12- 1982/8**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk